Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# ВОЕНА АКАДЕМИЈА

„Генерал Михаило Апостолски" - Скопје

придружна членка



# МОНОГРАФИЈА
# MONOGRAPHY

# 20

години Воена Академија

years Military Academy

## УРЕДУВАЧКИ ОДБОР:

проф. д-р Росе Смилески, полковник
д-р Стојче Десковски, професор во пензија
д-р Елениор Николов, вон. проф., полковник
д-р Александар Стојчев, вон. проф.
д-р Ненад Танески, доцент, потполковник
д-р Невен Трајчевски, доцент, капетан
д-р Катерина Митковска - Трендова, доцент
д-р Димитар Богатинов, соработник, капетан

**Претседател на уредувачки одбор:**

проф. д-р Росе Смилески, полковник

**Јазично уредување:**

Лилјана Пандева

**Техничко уредување:**

Елениор Николов
Димитар Богатинов

**Автор на фотографии:**

Александар Атанасовски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

355.232.6(497.7)"1995/2015"(069.91)

ДВАЕСЕТ
20 години Воена академија / [претседател на уредувачки одбор Росе Смилески]. - Штип: Универзитет "Гоце Делчев", 2015. - 248 стр. : илустр. ; 30 см

Содржи и: Прилози

ISBN 978-9989-134-09-8
1. Гл. ств. насл.
а) Воена академија - Македонија - 1995-2015 - Јубилеи
COBISS.MK-ID 100055818

# СОДРЖИНА


1. ПРЕДГОВОР .................................................... 5
2. ИСТОРИСКИ КОРЕНИ НА ВОЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО МАКЕДОНИЈА .................................................... 7
3. ПОЧЕТОЦИ И РАЗВОЈ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА ВО ПЕРИОДОТ ДО 2003 ............ 23
3.1. Вовед .................................................... 24
3.2. Одделение за школство ............................ 24
3.3. Установа за обучување на воени старешини .................................................... 27
3.4. Основање и почеток со работа на Воената академија ........................................ 30
3.5. Организациски единици на Воената академија .................................................... 42
3.6. Дејноста на Воената академија и остварени резултати во периодот 1995-2003 .................................................... 60
4. ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2003-2015 .................................................... 73
4.1. Вовед .................................................... 74
4.2. Мораториум за додипломските студии ..... 75
4.3. На патот за модерна Академија ................ 76
4.4. Нов почеток на Воената академија ........... 77
4.5. Дејноста на Воената академија во периодот 2013-2015 ........................................ 92
5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА .................................................... 101
5.1. СЕКТОР ЗА НАСТАВА И НИР (КАТЕДРИ И РЕФЕРЕНТ ЗА НАСТАВА И НИР). .................................................... 102
5.1.1. Катедра за воени науки и вештини ... 105
5.1.2. Катедра за воена логистика ................ 112
5.1.3. Катедра за природни и воено-технички науки .................................... 118
5.1.4. Катедра за општествени науки ............ 125
5.1.5. Катедра за безбедност, кризен менаџмент и заштита и спасување ................ 132
5.2. СЕКТОР ЗА ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС И СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ ............................................ 137
5.3. АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА ........... 146
6. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА....... 157
6.1. Вовед .................................................... 158
6.2. Реализирани конференции (научни или научно-стручни) .................................... 161
6.3. Реализирани проекти (национални и меѓународни) ................................................ 164
7. ЛЕТЕН КАМПУС ......................................... 171
8. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ............................ 175
9. ЦЕНТАР ЗА ОБУКА НА ПИТОМЦИ ......... 193
10. ЦЕНТАР ЗА ОБУКА НА ПИЛОТИ........... 205
11. СОРАБОТКА НА ВА СО ИНСТИТУЦИИ ВО ЗЕМЈАТА........................ 209
12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА ................................ 219
13. ПРИЛОЗИ ................................................ 231
13.1. Свечена академија по повод 20 години јубилеј на Воената академија .......... 232
13.2. Извадоци од книгата за впечатоци на Воената академија ........................................ 241
13.3. Список на вработени во текот на 20 години Воена академија. ............................. 243

# ВОВЕДНА РЕЧ ЗА ЈУБИЛЕЈОТ

Монографијата на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ е напишана со намера да се забележи периодот на создавањето, растот и развојот на Академијата, како ембрион на високото воено образование во Република Македонија. Создадена во годините кога се создаваше и Армијата на Република Македонија, Воената академија ја започнува својата работа скромно, со ограничени материјални и кадровски ресурси, но со голем ентузијазам и силна желба за успех.

Монографијата е вредно сведоштво за сите што биле активни чинители во севкупниот развој на Воената академија. Во текот на дваесет години, на Академијата била ангажирана голема плејада на наставници и соработници кои, пренесувајќи го своето знаење и вештини на питомците и на студентите, придонесувале за развојот и за угледот на институцијата. Денес тие се искусни кадри кои се наоѓаат на важни позиции во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија, во Министерството за внатрешни работи, во Центарот за управување со кризи, во Дирекцијата за заштита и спасување и во други државни институции, давајќи свој придонес во развојот на средината во која работат.

Почетните услови за основање и работа на Воената академија не беа многу поволни, бидејќи Република Македонија немаше традиција во областа на воеността образование, а со тоа не постоеја соодветни просторни, кадровски и други услови за работа. Затоа, покрај образованието и обуката на питомците, Воената академија веднаш беше исправена и пред предизвикот за создавање сопствен наставен кадар, просторни и наставно-материјални услови за работа. Денес Воената академија претставува модерна високообразовна и научно-истражувачка установа за образование на кадри за потребите на: Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, управувањето со кризи и заштитата и спасувањето и е придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип. Академијата има постојано нагорна линија на развој како во областа на образованието и обуката, така и во научно-истражувачката дејност, за што секојдневно придонесуваат сопствените кадровски ресурси. Академијата претставува сериозна високообразовна институција на која, покрај питомците и студентите за потребите на Република Македонија, се едуцираат и кадри за потребите на вооружените сили на Црна Гора, на Босна и Херцеговина и на Косово.

За вкупните резултати остварени на Воената академија во изминатите дваесет години заслужни се многу институции: Владата на Република Македонија, Министерството за одбрана и Генералштабот, командите и единиците на Армијата на Република Македонија.

Монографијата содржи хронологија на настаните и развојот на Воената академија, осврт на нејзините втемелувачи и кадри и сето она што ја чини мисијата и визијата во годините што претстојат, а ќе ги има многу, бидејќи го чествуваме само дваесеттиот роденден. Нашите амбиции и идни планови тргнуваат од основната мисија на Академијата, а тие се: низ реализација на студиските програми на сите циклуси, таа да образува, да обучува, стручно да усовршува и да инспирира питомци, студенти и слушатели од земјата и од странство, способни да се наметнат како вистински лидери и професионалци. Потоа, низ научно-истражувачката, апликативната, советодавната и творечката дејност да биде водечка институција во државата во областа на оперативните вештини во доменот на одбраната, на кризниот менаџмент и напорите за воспоставување и одржување на светскиот мир и безбедност. Академијата не смее да има затворени граници и да дејствува на мал простор, туку мора да биде место за остварување значителни научно-истражувачки резултати, пренесување на знаење и отвореност за нови идеи и програми.

ДЕКАН

полковник
проф. д-р Орце Поповски





**ВОЕНА АКАДЕМИЈА**

**„Генерал Михаило Апостолски" - Скопје**